Во согласност со член 19 и 36 од Статутот на Сојузот на здруженија на дијабетилари на Северна Македонија СЗДСМ, Управниот одбор на СЗДСМ на својата редовна седница одржана на ден 22.05.2021 година го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К

## За регистрација на членки во

## Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија

### 1. Предмет на регулирање

**член 1**

Предмет на овој Правилник е регулирање на условите, начинот и постапката за регистрација на здруженијата на лица со дијабетес во единствениот регистар на Сојузот на здруженија на лица со дијабетес на Северна Македонија, условите за стекнување на статус на полноправен и придружен член на СЗДСМ, условите за спроведување на постапката за прва регистрација на здружението, како и мирувањето и престанокот на членството на здруженијата во Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија.

### 2. Субјекти кои можат да се регистрираат како членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија

**член 2**

Секое здружение на дијабетичари доброволно членува во СЗДСМ и доброволно може да истапи од членство од него. Здружението на дијабетичари мора да биде основано како правно лице во согласност со Законот за здруженија и фондации регистрирано кај надлежен орган за регистрација, чии статут, цели и задачи се во согласност со Статутот, целите и задачите на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија.

Полноправните членови – здруженија на дијабетичари на СЗДСМ се рамноправни со сите членови.

Заеднички назив на сите здруженија на Сојузот е ЗДРУЖЕНИЈА.

**член 3**

Во единствениот регистар на СЗДСМ можат да се регистрираат здруженија на лиц со дијабетес основани како правни лица во согласност со Законот за здруженија и фондации, чии статут, цели и задачи се во согласност со Статутот, целите и задачите на СЗДСМ, под условите определени со овој Правилник и Статутот на СЗДСМ.

Секеретаријатот на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија континурано го следи статусот на еднаш регистрираните здруженија во СЗДСМ, и истовремено ја следи состојбата во НВО секторот во поглед на постоењето на интерес за основање и основањето на правни лица кои ги исполнуваат условите од став 1 на овој член, и презема мерки и активности во насока на нивно интегрирање во СЗДСМ и регистрирање во единствениот регистар на СЗДСМ согласно условите определени со овој Правилник и Статутот.

**член 4**

Здруженијата на лица со дијабетес-членови на СЗДСМ може да формираат форми на здружување на локално ниво и тоа:

- на територијата на општина здруженијата на лица со дијабетес ќе можат да основаат општински сојуз на дијабетичари;
- на територијата на град здруженија на лица со дијабетес ќе можат да формираат градски сојуз на дијабетичари.

Здруженијата на дијабетичари – членови на СЗДСМ може да се здружуваат и во други формални и неформални облици на здружување на локално и регионално ниво.

## 3. Членување на здруженија во Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија

**член 3**

Членството на здруженијата во Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија може да биде:

i. Придружно членство и
ii. Полноправно членство.

### 3.1. Придружни членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија

**член 4**

Здруженија – придружни членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија се новоформираните здруженија во период од поднесување на барање за членство до моментот на целосно исполнување на условите за полноправно членство предвидени со Статутот, овој Правилник и останатите акти на СЗДСМ.

#### 3.1.1. Услови за прием во придружно членство

**Член 5**

За стекнување на статус придружен член на СЗДСМ, здружението треба да ги исполнува следните услови:

- Да има најмалку 20 членови;
- Да има изготвено годишна програма за работа во согласност со Програматс на СЗДСМ;
- Да поднесе писмено барање за прием во членство.

Барањето за прием во придружно членство се доставува до Секретаријатот на Сојузот, преку Секретарот на СЗДСМ, кое потоа по службена должност го проследува до Управниот одбор.

Кон барањето за прием во придружно членство задолжително се приложува:

- Писмено барање за прием во членство;
- Тековна состојба за субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 3 месеци;
- Список на најмалку 25 членови на здружението;
- Програма за работа во согласност со Програма на СЗДСМ.

**Член 6**

Одлука за прием на здружение во придружно членство донесува Управниот одбор на СЗДСМ на првата следна седница, на предлог на Претседателот на сојузот.

#### 3.1.2. Траење и престанок на придружното членство

**Член 7**

Придружното членство на новоформираните здруженија во СЗДСМ може да трае најмногу 2 години, сметано од денот на донесувањето на одлуката за прием во придружно членство од страна на Управниот одбор.

Доколку до истекот на временскиот период од став 1 на овој член придружниот член не ги исполни условите за полноправно членство во СЗДСМ, на истиот му престанува статусот придружен член. Повторно барање за прием во придружно членство во случаите од став 2 на овој член здружението може да поднесе по истекот на една година сметано од денот на престанок на придружното членство.

### 3.1.3. Права и обврски на здруженијата-придружни членови

**Член 8**

Правата и обврските од здруженијата – придружни членови на СЗДСМ се регулираат со Правилникот за правата, обврските и бенефициите на здруженијата-членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија.

### 3.2. Полноправни членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија

**Член 9**

Полноправни членови на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија се здруженијата кои се запишани во единствениот регистар на СЗДСМ и ги исполнуваат следните услови:

- Имаат најмалку 20 членови;
- Имаат и спроведуваат годишна програма за работа која е во согласност со програмата на СЗДСМ;
- Ја имаат платено годишната членарина во СЗДСМ;
- Учествувале на најмалку една државна активност организирана од страна на СЗДСМ во изминатата година;

Начинот за плаќање на чланарината се утврдува со посебна одлука на Собранието.

### 3.2.1. Постапка за прва регистрација на одред во СЗДСМ

**Член 10**

При првата регистрација на здруженијата во единствениот регистар на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија, здружението поднесува писмено барање за прием во полноправно членство, како и докази дека ги исполнува условите за прием во членство пропишани со член 9, став 1, алинеја 1, 2, 3 и 4 од овој Правилник, односно:

- Список на членовите на одредот, согласно Прилогот 2 од овој Правилник;
- Членски карти или пристапни изјави за членовите на здружението;
- Годишна програма за работа на здружениетот во согласност со Програмата на СЗДСМ;
- Доказ дека е уплатена годишната членарина во СЗДСМ.

**Член 11**

Барањето за прием во полноправно членство се поднесува на образец даден во прилог 1 од овој Правилник, во писмена или во електронска форма, до Управниот одбор преку Секретаријатот на СЗДСМ.

Барањето за прием во полноправно членство мора да биде потпишано од лицето овластено за застапување на здружението и да биде заверено со печат на здружението.

Во барањето задолжително треба да биде наведена официјалната електронска адреса на одредот за формална комуникација со Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија.

Кон барањето здружението задолжително приложува и тековна состојба за субјектот издадена од страна на Централниот регистар на Република Македонија, не постара од 3 месеци.

По приемот на документацијата, Секретаријатот истата без одлагање ја проследува до Управниот одбор, кое по службена должност прибавува мислење од Секретаријатот по прашањето дали одредот кој поднел барање ги исполнува условите за прием во полноправно членство. Во мислењето задолжително има изјаснување за тоа дали се исполнуваат условите за прием определен со член 10, став 1, алинеја 5 од овој Правилник.

**Член 12**

Одлука за прием на здружението во полноправно членство во Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија донесува Собранието на предлог на Управниот одбор на СЗДСМ.

**Член 13**

Доколку Собранието го одбие барањето за прием на здружението во полноправно членство, а од денот на приемот во придружно членство до денот на одржувањето на седницата на Собранието на која се одлучува по барањето за прием во полноправно членство не се поминати повеќе од две години, одредот го задржува статусот придружен член на СЗДСМ до истекот на периодот од две години.

Здружението – придружен член има право повторно да поднесе барање за прием во полноправно членство во периодот помеѓу денот одржаното Собрание на кое е одбиено барањето и денот на кој истекува рокот во смисла на член 7 став 1 од овој Правилник.

**Член 14**

Во случај на одбивање на барањето за прием во полноправно членство, на здружението му се враќа целокупната поднесена оригинална документација и му се враќаат средствата уплатени како годишна членарина.

### 3.2.2. Годишно обновување на регистрацијата во единствениот регистар на СЗДСМ

**Член 15**

Секое здружение – полноправен член запишан во единствениот регистар на Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија има обврска да ја обнови регистрацијата најдоцна до 01 март во тековната година.

**Член 16**

Барањето за обновување на регистрацијата се поднесува на образец даден во Прилог 1 од овој правилник, во писмена или во електронска форма до Секретарот на СЗДСМ најдоцна до 28 февруари во тековната година.

Барањето за обновување на регистрацијата мора да биде потпишано од лицето овластено за застапување на здружението и да биде заверено со печат.

Во барањето задолжително треба да биде наведена официјалната електронска адреса на здружението за формална комуникација со Сојузот на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија.

Кон барањето за обновување на регистрацијата се приложува:
- Список на членовите на здружението, согласно Прилогот 2 од овој Правилник;
- Членски карти или пристапни изјави за членовите на здружението;
- Годишна програма за работа на здружението во согласност со Програмата на сојузот;

- Доколку за тековната година е Одлучено да се наплатува членарина, здружените доставува доказ дека е уплатена годишната членарина во СЗДСМ.

Секретаријатот по службена должност утврдува дали здружението го исполнува условот за регистрација од член 10, став 1, алинеја 5 од овој Правилник.

**Член 17**

Начинот и динамиката на плаќање ги определува Собранието со одлука која се донесува најдоцна до 31 септември во тековната година за следната година.

**Член 18**

Доколку помеѓу два термини за регистрација здружението извршило статутарна промена или промена на лице овластено за застапување, должен е за тоа да го извести Управниот одбор преку Секератрот без одлагање, а најдоцна до спроведувањето на следната годишна регистрација.

**член 19**

Барањето за обновување на регистрацијата заедно со целокупната документација од член 16 се доставува до Секретаријатот на сојузот.

Секретарот на СЗДСМ има обврска најдоцна до 21ви Март во тековната година да му достави на Управниот одбор листа на одреди кои доставиле уредна документација за продолжување на регистрацијата.

Управниот одбор на првата следна седница донесува одлука со која ја утврдува листата на регистрирани одреди за тековната година.

Во периодот од денот на поднесувањето на документацијата до денот на изготвувањето на листата, но не подоцна од 15ти Март, Секретаријатот има обврска да ги извести здруженијата кои поднеле барање за продолжување на регистрацијата, а чии барања и документација имаат определени формални недостатоци и да ги задолжи да ги отстранат таквите недостатоци во рок од три дена сметано од денот на приемот на известувањето. Известувањето се доставува на официјалната електронска адреса на здружението.

Доколку здружението ги отстрани недостатоците во рокот определен со став 4 од овој член, ќе се смета дека пријавата за обновување на регистрацијата е уредно доставена во рокот определен со овој правилник.

За формален недостаток во смисла на став 4 не се смета неплаќање или уплаќање на помал износ од годишната членарина утврдена со одлука на Собранието на СЗДСМ со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови, согласно член 17 од овој Правилник.

## 3.3. Мирување и престанок на членството во СЗДСМ

**член 20**

Доколку здружението не поднесе барање за продолжување на регистрацијата со потребна документација согласно член 16, односно не му биде продолжена годишната регистрација согласно член 16 и 19 од овој Правилник, на истиот му мирува членството во СЗДСМ (пасивно членство) заедно со сите права и обврски кои од него произлегуваат, се до спроведувањето на следната постапка за регистрација.

Доколку здружението запишано во единствениот регистар на СЗДСМ не ја обнови регистрацијата 2 години последователно или повеќе од 3 пати во 5 години, истиот по автоматизам се брише од регистарот.

Здружението кој е избришан од единствениот регистар на СЗДСМ може повторно да биде запишан само преку спроведување на постапка за прием на нов член во Сојузот, согласно одредбите од овој Правилник.

**Член 21**

Бришење на здружение од единствениот регистар на СЗДСМ може да се спроведе и на барање на заинтересирано лице, доколку истото докаже дека здружението фактички престанал со работа и формално - правно е избришан од Регистарот на други правни лица кој се води во рамките на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Одлука за бришење на здружението од единствениот регистар на СЗДСМ во случаите од став 1 донесува Собранието на СЗДСМ, на предлог на Управниот додбор.

## 4. Преодни и завршни одредби

**Член 22**

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

**Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија,**
**Претседател,**
**Димче Велев**

___________________________________

| ***Вид на регистрација*** | |
|---|---|
| Прва регистрација | 16.02.2014 |
| Обновување на регистрација | 28. 02. 2014 |

| ***Основни податоци за одредот*** | |
|---|---|
| Назив на здружението | |
| Место | |
| Општина | |
| Адреса на седиште | |
| E-mail адреса  и мобилен | |

| ***Активности организирани од СЗДСМ во изминатата година на кои здружението учествувал со свои членови*** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Датум на одржување | Активност |
| / | / | / |
| / | / | / |
| / | / | / |

**ПРИЛОГ 1**

**БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА**
**ВО ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА СЕВЕРНА  МАКЕДОНИЈА**

Место:

Датум:

Претседател

_______________________                м.п.

| ***Обучен кадар на здружението*** | |
|---|---|
| Вкупен број на обучени | / |

| ***Раководство на здружението*** | | | |
|---|---|---|---|
| | Име и презиме | Контакт телефон | E-mail |
| Претседател на здружението | | | |
| Секретар на здружениео | | | |

**ПРИЛОГ 2**

## СПИСОК НА ЧЛЕНОВИ НА Здружението на дијабетичари КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ ВО СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ДИЈАБЕТИЧАРИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВО 20-- ГОДИНА

| Ред. бр. | Име и презиме | Датум на раѓање | Пол | Категорија | Број на членска карта |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Festim Zulbehari | 31.05.1977 | M | Тип 1 | 001 |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |
| 15. | | | | | |

| ***Број на членови по категории*** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Машки пол** | **Женски пол** | **Вкупно** |
| Деца до 14 години | / | / | / |
| Адолесценти до 18 години | 8 | 9 | 17 |
| Тип 1 | 1 | / | 1 |
| Тип 2 | 1 | / | 1 |
| Лица над 70 години | 15 | 1 | 16 |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ НА ОДРЕДОТ:** | | | 35 |

Место :
Датум:
Претседател м.п.